РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12-1917/2
27-08-2020 г./V.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносители ------------ -------------од ----------- и други, на 37-та седница одржана на ден 24 август 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата во која се содржани наводи за незадоволство од постапување на институции во Република Северна Македонија поднесена против стечајниот управник ------------ -------------од ----------- по која Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет број бр. 12-1917/1 од 23.03.2019 година, доставена од подносители ------------ -------------од ----------- и други, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување.

Предметот со број 12-1917 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложение.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

До Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) доставена пријава од подносителите ------------ -------------од ----------- и други, по што е оформен предмет со број 12-1917 од 2019 година од 23.03.2019 година, доставена од .

Во пријавата се изнесени наводи за незадоволство од постапување на институции во РСМ по пријава поднесена против стечајниот управник ------------ -------------од -----------. Наводите се однесуваат за стечајна постапка која била водена над АД ----------- Куманово од 2003 година до 2018 година, во која според подносителите, имотот на друштвото бил продаден на рати и со намирување само на одредени доверители и судскиот совет, а останатото отишло на сметката на стечајниот управник.

Во врска со предметната стечајна постапка била поднесена пријава до Вишото јавно обвинителство од страна на подносителите на пријавата, а исто така тие се обратиле и до Управата за јавни приходи - РД Штип, поради не плаќање на данок по основ на остварување на приходи од закупнина – кирија од објектите на наведеното друштво за време на стечајната постапка.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека Државната комисија веќе има постапувано по предмет со наводи за сомневање во стечајна постапка над АД ----------- Куманово, во 2007 година и предметот бил затворен поради тоа што стечајната постапка била завршена и во тек била постапка за кривично гонење на

стечајниот управник. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени нема надлежност за постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли а предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 24 август 2020 година под бр. 12- 1917/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :

- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : Катица Николовска, Член на ДКСК